# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА

## ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО 2018-2023

Обврските од Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) 2018-2023, што се предвидени за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) се наоѓаат во „Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство“ каде Агенцијата е носителка на активноста „Спроведување обуки на претставници на Совет за етика - СЕММ, АВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН“. Со оглед на тоа дека за потребите на Агенцијата, во 2021 година беше изработен Водич за мониторинг на известувањето за родовозасновано насилство, АВМУ во 2022 ќе организира работилница за медиумските професионалци за запознавање со содржината на Водичот. Освен ова, АВМУ, во улогата на партнерка, е посочена кај активноста „Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги“.

Во 2022 година, АВМУ, самостојно или во соработка со други организации, ќе реализира обука за известување за родово базирано насилство за медиумски професионалци, со оглед на фактот дека обуки за вработените во Агенцијата и за претставници на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) се реализираа во изминатиот период. Во Оперативниот план на АВМУ, за спроведување на обуките, се посочени индикаторите, соработниците при исполнувањето на обврската, временската рамка за реализирање и изворите на финансирање.

| Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорна институција/организација** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **Спроведување обука за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родовобазирано насилство за медиумски професионалци (по потреба и за претставници на Совет за етика во медиумите и АВМУ)**<br>Организирање работилница за Водичот за мониторинг на известувањето за родовобазирано насилство | **Носител:**<br>АВМУ - Сектор за програмски работи - Одделение за човекови права и медиумска писменост | Број на обучени медиумски професионалци | Активноста ќе се реализира во текот на 2022 година<br>(во зависност од епидемиолошката состојба физички или он-лајн) | Буџет на АВМУ<br><br>Постои можност за реализација со средства од проектот ЈУФРЕКС 2 „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија“ |

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Забелешка:

Како што е погоре посочено, Агенцијата е институција – партнерка при реализација на активноста: *„Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги“*, во **Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство (одговорна институција е Влада на РСМ, а други субјекти – партнери се: МТСП, МЗ, МРТВ, ГО).**

Доколку Владата, како носителка на оваа активност, предвиди кампања за 2022 година, Агенцијата, на нејзино барање, ќе соработува во рамките на своите капацитети и можности.

Бр. 03-4931

30.12.2021 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**